Врз основа на член 41 став 3 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08, 124/10 135/11, 43/14, 153/15 и 99/16), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за заштита на
личните податоци
Бр. 02-2195/1
28-12-2017 201 __ год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ ОБУКА НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ КОНТРОЛОРИ И ОБРАБОТУВАЧИ

### Член 1

Со оваа одлука се определува висината на реалните трошоци на Дирекцијата за заштита на личните податоци за спроведување на обуки на заинтересирани контролори и обработувачи.

### Член 2

Висината на трошоците за спроведување на обуки на контролори и обработувачи се определува зависно од видот на обуките и модулите за кои се заинтересирани согласно годишната програма за обуки на контролори и обработувачи на Дирекцијата за заштита на личните податоци, и тоа:

| Ред. Бр. | Вид на обука | Денари по лице (учесник) |
|---|---|---|
| 1. | Генерички обуки за сите модули | 2000 |
| 2. | Генерички обуки за сите модули и специјализирани обуки за еден модул | 3000 |
| 3. | Специјализирани обуки за еден модул | 1500 |
| 4. | Обука за еден посебен модул | 6000 |
| 5. | Посебни обуки по барана програма од контролор или обработувач:<br>- Ако обуката се врши само за едно лице<br>- Ако обуката се врши за две до пет лица | <br>5000<br>4000 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Ако обуката се врши за група од 5 до 8 лица<br><br>- Ако обуката се врши за повеќе од 8 лица | 3500<br><br>3000 |

Член 3

Трошоците за вршење на обука се уплатуваат најдоцна до денот на одржувањето на обуката за која контролорот/обработувачот се пријавил, на трезорската сметка на Дирекцијата за заштита на личните податоци број 02006-60143-631-14.

Член 4

Со денот на отпочнување со примена на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на висината на трошоците за вршење обуки на контролори и обработувачи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/10).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.02.2018 година.

Директор,
Горан Трајковски

Изработил: МСС
Одобрил: ВФ
Согласен: ИК